| **47** | | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **1.050.000** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.050.000** | **1.000.000** | **50.000** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 1.050.000 | 1.000.000 | | | | | 0 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | | | |
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | | | |
| | 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | | | |
| **49** | | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | | | | | | | | | | | | |
| | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | | | | | | | | | | | |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | | | | | | | | | | | | | |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **30.172.503** | **17.322.480** | **187.254** | **128.014** | **325.000** | **86.459** | **26.705.120** | **2.296.055** | **0** | **0** | **57.389.877** | **19.833.008** | **37.556.869** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 1.375.000 | 961.558 | 122.975 | 72955 | 175.000 | 86459 | 320.966 | | | | | | |
| | 481 | Градежни објекти | 0 | | | | | | | | | | | | |
| | 482 | Други градежни објекти | 27.969.503 | 16.298.731 | 31.000 | 30.961 | | | 26.384.154 | 2.296.055 | | | | | |
| | 483 | Купување на мебел | 0 | | | | | | | | | | | | |
| | 484 | Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | | | |
| | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 300.000 | 62.191 | 33.279 | 24.098 | | | | | | | | | |
| | 486 | Купување на возила | 528.000 | | | | 150.000 | | 0 | | | | | | |
| | 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | | | | | | | | | | | | | |
| | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | | | | | | | | | | | | | |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | | | | | | | | | | | |

Бр.0801-169

24.02.2015 година

Свети Николе

Претседател на Совет на Општина Свети Николе

Илија Стоилев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Извештај за реализација на Општина Свети Николе за четвртиот квартал за 2014 година**

Се објавува Извештај за реализација на Општина Свети Николе за четвртиот квартал за 2014 година бр. 0801 – 170 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 24 .02. 2015година.

**Бр. 0901 – 161/2-8**
**24.02. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ ЗА 2014 ГОДИНА**

Општина Свети Николе во текот на четвртиот квартал од 01.01.2014 до 31.12.2014 година има реализација на Буџетот на Општина Свети Николе во вкупен износ од **232.811.676,00 денари** или изразено во процент изнесува **79,21 %,** споредено план со реализација.

Основниот буџет на Општина Свети Николе за четвртиот квартал има реализација од **80.850.163,00** денари или изразено во проценти изнесува **74,88%.** Следејќи ја историјата на базата на податоците за реализацијата во последните пет години мораме да напоменеме дека четвртиот квартал од 2014 годината е на ниво кое би требало да го има за овој квартал. Со анализата која е направена во одделението за финансии и буџет констатирано е дека општината постепено ја зголемува својата ликвидност со тоа што се обидува да изврши исплата на заостанатите обврски кон комитентите и се обидува да оствари максимално прибирање на приходите со што би се овозможило поголема финансиска сигурност. Според вкупните приходи општинскиот основен буџет има реализација во приходниот дел во вкупен износ од **83.374.995,00** денари, а од истите реализација на расходите во вкупен износ од **78.350.310,00** и салдо на 31.12.2014 во износ од **5.024.685,00** денари.

Од севкупните расходи на ставките 401, 402 и 404 кои се однесуваат за исплата на плата, надоместоци и придонеси има потрошено **24.165.915,00,** а остатокот на средства се за исплата на обврските кои општината ги сервисира и е на повидок да се воведе максимална финансиска контрола и дисциплина во делот на исплатата на основниот буџет.

Ако се направи анализа на средствата како се реализирани и потрошени како реализација/план за овој четврт квартал од 2014 се добива следната слика на реализација на трошоци во основниот буџет:

- За плати и надоместоци на вработените во локалната самоуправа се потрошени **30,84%** од вкупните расходи, а соодносот реализација/план е **95,20%**

- За патување во земјата патни трошоци, споредни трошоци и патарини како и трошоци направени во државата во кој спаѓаат и сместувањата има направено трошок кој изразен во процент изнесува **0,62%** од вкупните трошоци или во денари изразено изнесува **486.773,00** денари, а соодносот реализација/план е **70,24%**

- За комунални услуги во кој спаѓаат(електрична енергија, огрев, телефон и телефакс, регистрација на моторни возила, гориво и масла, пошта ) исплатени се **73,36%** од планираните трошоци или во денари изразено изнесува **8.166.312,00** денари, а во однос на вкупните трошоци е **10,42%**

- За материјали и ситен инвентар во кој спаѓа и одржувањето на уличното осветлување, одржувањето во детското одмаралиште во Дојран како и сите поправки кои се направени во општинската зграда, во овој дел спаѓа и набавката на материјали за посебни намени, самиот износ за овие трошоци изнесува **3.612.684,00** или **55,40%** од планираните трошоци**,** во однос на вкупните трошоци реализирано е **4,61%**

- За поправки и одржување на моторни возила,поправка и замена на резервни делови гуми и други делови кои се потребни за возниот парк на општината како и за одржување на зелени површини се потрошени средства во износ од **7.848.873,00** денари или во проценти **81,21%** од планираното, во однос на вкупните трошоци реализирано е **10,02%**

- За други договорни услуги ангажирање на лица кои имаат извршено определени услуги кон општината, надомест за експропријација , исплата на проекти за урбанистички и просторни планови, примарна заштита, услуги за копирање и печатење има реализирано **11,19%** од вкупните расходи, а реализирано во однос на планирано е **62,36%**

- За расходите кои се однесуваат на репрезентација, посета на семинари и конференции, објава на огласи, членарина во домашни и странски заедници има издвоено средства во износ од **1.940.829,00** денари или **78,42%,** а во однос на вкупните расходи **2,48%**

- На ставките кои се однесуваат за исплатата на невладини организации, здруженија на граѓани како и трансферите до спортски клубови и организации од невладин сектор има остварување во овој четврт квартал од годината во износ од **1.573.810,00** денари или изразено во проценти **71,41%**, а во однос на вкупните расходи е **2,00%**

- За разни трансфери има исплатено **1.719.798,00** денари и процентот изнесува **68,85%,** а во однос на вкупните расходи е **2,20%**

- Социјалните бенифиции кои се однесуваат на еднократна парична помош и награда за новороденчина изнесува **1.000.000,00** денари или тоа изразено во процент изнесува **95,24%,** а во однос на вкупните расходи е реализирано **1,28%**

- За купување на опрема и машини има исплатено износ **961.558,00** или **69,93%,**а во однос на вкупните расходи реализирано е **1,23%**

- За изградба и реконструкција на патишта улици и автопати има реализација во износ од 1**6.238.731,00** или процентуално изнесува **58,27%,** во однос на вкупните расходи реализацијата е **20,80%**

Во овој дел од образложението го имаме извршувањето на основниот Буџет на општина Свети Николе за четврвтиот квартал за 2014 година. Можеме да констатираме дека имаме мошне добра реализација и на приходите и на расходите со максимално остварување на приходите од **74,88% и** на расходите од **72,57%** .

Во делот за намеските дотации мора да се каже дека тие се реализирани во износ од **138.220.816,00** денари или изразено во проценти **99,28%.** Динамиката на реализација е на идеална страна. Мораме да напоменеме дека иако во 2014 година имаме поголем буџет на финансиски средства кои се трансферираат до локално ниво средствата не се доволни за сервисирање на сите потреби на буџетските корисници и општината работи на комплетна анализа за изнаоѓање на решение за овој проблем које непосредно проблем на сите нас како општина. Особено има проблем во делот на сервисирање на оперативните трошоци кои се иако минимални не можат комплетно да се извршат и исплатат од страна на буџетските корисници. Вкупната реализација на расходната страна на буџетските корисници изнесува **136.689.486,00** денари или изразено **98,18%** реализирано во однос на планирано.

Во делот за самофинансирачките активности имаме реализација и процентот изнесува **57,17** %. Динамиката на активностите кои се спроведуваат во делот на самофинансирачките активности се на задоволувачко ниво и се на многу на повисоко ниво на реализација споредено со претходната година .

/

/

/

Според погоре прикажаниот графикон може да се констатира дека Општина Свети Николе по соодветните програми се обидува максимално да ја извршува функцијата за соодветните политики во сите области кои ги има зацртано и предвидено за 2014 година.

Табеларен приказ на предвидени со реализирани приходи во Основниот Буџет во четвртиот квартал за 2014

| конто | Опис на приход | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1.525.000,00 | 1.532.179,00 |
| 713 | Даноци на имот | 17.758.917,00 | 9.045.910,00 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 29.770.000,00 | 24.964.777,00 |
| 718 | Такси за користење или вршење на дејност | 5.460.000,00 | 3.499.703,00 |
| 722 | Такси и надоместоци | 650.000,00 | 608.045,00 |
| 723 | Административни такси и надоместоци | 3.210.000,00 | 1.640.414,00 |
| 724 | Други Владини услуги | 300.000,00 | 30.000,00 |
| 725 | Други неданочни приходи | 2.100.000,00 | 1.389.515,00 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 26.097.412,00 | 25.766.698,00 |
| 742 | Донации од странство | | 139.207,00 |
| 731 | Продажба на капитални средства | 3.100.000,00 | |
| 733 | Продажба на земјиште и нематријално вложување | 18.000.000,00 | 12.233.715,00 |
| | **Вкупно** | **107.971.329,00** | **80.850.163,00** |

**Бр.0801 - 170** **Совет на Општина Свети Николе**

**24.02.2015 година** **Председател,**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објаување на Одлука за исплата на парична помош**

Се објавува Одлука за исплата на парична помош бр. 0801 – 171 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 24.02.2015 година.

**Бр. 0901– 161/2-9**
**24.02. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), а по поднесено барање од Димитриева Лепа од Свети Николе од 06.02.2015 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 24.02. 2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**член 1**

.Од Буџетот на Општина Свети Николе, Програма А0 413110 (тековна резерва-разновидни трошоци) да се исплати парична помош во износ од 20.000,оо денари.

**член 2**

Паричната помош да се исплати на Димитриева Лепа од Свети Николе со стан на ул.Велко Влаховик бр.32-19 која што парична помош ке биде наменета за санирање на штетата настаната од пожар на ден 05.02.2015 год во нејзиниот стан.

**член 3**

Барањето е прилог на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0801-171**
**24.02.2015 година**
**Свети Николе**

**Претседател**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објаување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација изградени на КП бр.10611/3 и дел од КП бр.11708 ул.„11 Октомври" во КО Свети Николе-гр. предмет бр.09-674 , Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација изградени на КП бр.10611/3 и дел од КП бр.11708 ул.„11 Октомври" во КО Свети Николе-гр. предмет бр.09-674 , Општина Свети Николе бр. 0801 – 172 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 24 .02. 2015година.

**Бр. 0901– 161/2-10** — **Градоначалник,**
**24.02. 2015 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" број 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13)(пречистен текст) и Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на Република Македонија " бр.56/2011 ) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 24.02.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација изградени на КП бр.10611/3 и дел од КП бр.11708 ул.„11 Октомври" во КО Свети Николе-гр. предмет бр.09-674 , Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација согласно Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација и тоа:

1. Помошен објект - гаража изграден на КП бр.10611/3 и дел од КП бр.11708 ул.„11 Октомври" КО Св. Николе-гр. , согласно член 2 алинеја 2 и член 5 алинеја 1 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на Република Македонија " бр.56/2011 ) ;

2. Доградба на семејна куќа изградена на КП бр. 10611/3 ул.„11 Октомври" КО Св. Николе-гр., согласно член 2 алинеја 2 и член 5 алинеја 1 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на Република Македонија " бр.56/2011 ) ;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

Бр. 0801 - 172
24.02. 2015 година
Свети Николе

Општина Свети Николе
Претседател на Совет,
Илија Стоилев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објаување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација изградени на КП бр.10926/31 ул.„Улоф Палме" во КО Св. Николе-гр. предмет бр.09-2708, општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација изградени на КП бр.10926/31 ул.„Улоф Палме" во КО Св. Николе-гр. предмет бр.09-2708, Општина Свети Николе бр. 0801 – 173 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 24.02.2015 година.

**Бр. 0901– 161/2-11**
**24.02. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 11 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" број 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13)(пречистен текст) и Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на Република Македонија " бр.56/2011 ) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 24.02. 2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**За вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација изградени на КП бр.10926/31 ул.„Улоф Палме" во КО Св. Николе-гр. предмет бр.09-2708, општина Свети Николе**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација согласно Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација и тоа:

1. Доградба на семејна куќа изградена на КП бр. 10926/31 ул.„Улоф Палме" КО Свети Николе-гр., согласно член 2 алинеја 4 и член 5 алинеја 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на Република Македонија " бр.56/2011 ) ;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 173**
**24.02. 2015 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Претседател на Совет,**
**Илија Стоилев**
**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК за доставување на предлог проект „Изведба на експлоатациони бунари за вода во село Крушица и село Орел во Општина Свети Николе**

Се објавуваОдлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК за доставување на предлог проект „Изведба на експлоатациони бунари за вода во село Крушица и село Орел во Општина Свети Николе бр. 0801 – 174 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 24 .02. 2015година.

**Бр. 0901 – 161/2-12**
**24.02. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМбр 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 24.02.2015 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК за доставување на предлог проект „Изведба на експлоатациони бунари за вода во село Крушица и село Орел во Општина Свети Николе”**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Свети Николе во во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК за доставување на предлог проект „Изведба на експлоатациони бунари за вода во село Крушица и село Орел во Општина Свети Николе” за развој на селата за финансирање на проекти за развој на селата од од Програмата за за рамномерен регионален развој во 2015 година, подпрограма ОА рамномерен регионален развој од страна на Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Средствата се обезбедуваат во висина од 50 % од вредноста на предлог-проектот, или 541.620,00 денари, согласно обврската за обезбедување на кофинансирање од страна на Единиците на локална самоуправа.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавање во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр.0801-174** **Совет на Општина Свети Николе**

**24.02.2015година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)**

Се објавува Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) бр. 0801 – 175 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 24 .02. 2015година.

**Бр. 0901 – 161/2-13** **Градоначалник,**
**24.02. 2015 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („ Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ,, бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14) и член 36 од Законот за локална самуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02), Советот на Општина Свети Никоел на седницата одржана на ден 24.02, 2015 година донесе

**О Д Л У К А**

**за долгорочно задолжување на Општина Свети Николе во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)**

**Член 1**

Со ова Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, во висина на 47.602.286 денари, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект ,, Реконструкција на улици, водоснабдителен систем и канализационен систем и изградба на тротоари и атмосферска канализација во Општина Свети Николе,,.

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, под следниве услови:

**- каматна стапка: шест месечен ЕУРИБОР со варијабилен распон**

**- рок на отплата: 13 години**

**- грејс период: 3 години**

**- последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02. 2030 година;**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Број 0801-175**
**24.02.2015 год.**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Статутарната одлука на УО за изменување и дополнување на Одлуката за цени на закупнина на деловен прсотор услуги во Градски Пазар бр. 0203-428/5 од 25.11. 2010година**

Се објавува Одлука за давање согласност на Статутарната одлука на УО за изменување и дополнување на Одлуката за цени на закупнина на деловен прсотор услуги во Градски Пазар бр. 0203-428/5 од 25.11. 2010година бр. 0801 – 176 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 24 .02. 2015година.

**Бр. 0901 – 161/2-14**
**24.02. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), како и член 11 став 1 точка 2 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ,, бр.38/96), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 24.02. 2015 година донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Статутарната одлука на УО за изменување и дополнување на одлуката за цени на закупнина на деловен простор и услуги во Градски Пазар бр.0203-428/5 од 25.11.2010 год**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на статутарната Одлука за за изменување и дополнување на одлуката за цени на закупнина на деловен простор и услуги во Градски Пазар бр.0203-428/5 од 25.11.2010 год донесена од Управниот Одбор на ЈКП ,,Комуналец ,,Свети Николе бр.0202-643/8 од 26.12.2014 год.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801 - 176** — **Претседател,**

**24.02. 2015 година** — **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** — **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе со состојба 31.12.2014 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе со состојба 31.12.2014 година бр. 0801 – 177 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 24 .02. 2015година.

**Бр. 0901 – 161/2-15** — **Градоначалник,**
**24.02. 2015 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( “Службен весник на РМ “  бр 5/2002 ), Советот на Општина Свети Николе на Седница одржана на ден 24.02.2015 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис во Општина  Свети Николе со состојба 31.12.2014 година**

1.Се усвојува Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе со состојба на 31.12. 2014 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во  “Службен гласник на Општина Свети Николе “.

**Бр. 0801-177** **Претседател,**
**24.02.2015 год.** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06),  Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објаување на  Одлука за изменување и дополнување на Правилникот на организација и систематизација на работни места на јавните службеници од Ј.О.У.Д.Г  ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе**

Се објавува  Одлука за изменување и дополнување на Правилникот на организација и систематизација на работни места на јавните службеници од Ј.О.У.Д.Г  ,,Рахилка Гонева,,  Свети Николе бр. 0801 – 178 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 24.02.2015 година.

**Бр. 0901– 161/2-16** **Градоначалник,**
**24.02. 2015 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6  од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе, на седницата одржана на ден 24.02. 2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Правилникот на организација и систематизација на работни места на јавните службеници од Ј.О.У.Д.Г ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност за изменување и дополнување на Правилникот на организација и систематизација на работни места на јавните службеници од Ј.О.У.Д.Г ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801-178**
**24.02.2015 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1.Програма за работа на Совет на Општина Свети Николе за 2015 година . . . . . . . . . . .стр.1

2. Одлука за јавна набавка за санација на мост на река Периш . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . стр.8

3.Одлука за јавна набавка на речно корито на Светиниколска река . . . . . . . . . . . . . . . . стр.9

4.Одлука за јавна набавка за санација главен колектор кај ,,Отпад,, ДОО

5.Одлука на Прорамата за енергетска ефикасност на Општина Свети Николе за период 2015 – 2017 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.10

6.Одлука за усвојување на годишниот план за спроведување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Свети Николе за период 2015 – 2017 година,, во 2015 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.11

7.Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал четврти од 01.01. 2014 година до 31.12. 2014 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . .стр.12

8.Извештај за реализација на Општина Свети Николе за четвртиот квартал за 2014 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.13

9. Одлука за исплата на парична помош . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.14

10. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација изградени на КП бр.10611/3 и дел од КП бр.11708 ул.„11 Октомври” во КО Свети Николе-гр. предмет бр.09-674 , Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.19

11. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација изградени на КП бр.10926/31 ул.„Улоф Палме” во КО Св. Николе-гр. предмет бр.09-2708, општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.20

12.Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК за доставување на предлог проект „Изведба на експлоатациони бунари за вода во село Крушица и село Орел во Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . стр.21

13.Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) . . . . . . . . . .стр.22

14.Одлука за давање согласност на Статутарната одлука на УО за изменување и дополнување на Одлуката за цени на закупнина на деловен прсотор услуги во Градски Пазар бр. 0203-428/5 од 25.11. 2010година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.23

15. Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе со состојба на 31.12. 2014 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.25

16. Одлука за изменување и дополнување на Правилникот на организација и систематизација на работни места на јавните службеници

од Ј.О.У.Д.Г ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.26

**Бр.0801-161/3**
**24.02.2015 година**
**Свети Николе**